romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ВТОР ПРОДОЛЖЕН ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик МЕНТОРИ кои ќе одржуваат менторски средби со студенти Роми за успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање, во период од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци), преку индивидуален работен план подготвен од страна на менторот и студентот/менторираниот.

## Опис на активноста менторство

Менторството претставува можност за студентите Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе им помогне за успешна транзиција во следната година на образование или дипломирање. Временската рамка за реализирање на менторските средби е од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“ е предвидено менторирање на 10 студенти Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (ментори) кои треба да работат со најмногу двајца студенти.

## Цели на менторството

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следната академска година или да дипломираат
- Да помогне при мотивација кај студентите Роми за континуирано и квалитетно образование
- Да помогнат за социјализација и професионално насочување на студентите Роми

## Работни задачи и надоместок на менторите

- Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со менторираниот студент и истиот да го достави до проектниот тим најдоцна 3 дена по започнувањето на ангажманот;
- Да ја следи динамиката на реализација на работниот план, да одржува контакти со менторираниот и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
- Да одржува менторски средби двапати неделно по 45 минути во период од Април

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

2024 до Јуни 2024 (два месеци);
- Да му помогне на менторираниот да ги идентификува своите јаки страни и да го насочи да ги надмине своите слабите страни;
- Да го следи личниот и академскиот развој на менторираниот и да го советува како да се справи со настанатите предизвици;
- Да го мотивира и охрабрува менторираниот да го надоградува своето знаење и да ги зајакнува своите вештини;
- Да дава фидбек на личниот, академскиот и професионалниот развој на менторираниот;
- Да подготвува неделни извештаи за реализираните менторски средби;
- Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата;
- Да одржува средби со проектен тим;
- Да применува иновативни и креативни техники за реализирање на индивидуалниот работен план;
- Да го потсетува менторираниот за составување и праќање на извештај за одржаните менторски средби.

*** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на менторството, менторите ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра месечно, во денарска противвредност.

**Кандидати за ментори може да бидат:**

- Универзитетски образовани (дипломирани студенти, професори, наставници, експерти за кариерен развој, експерти за вработување и сл);
- Работно искуство на факултет или како вработен;
- Предност искуство со маргинализирани ученици
- Добри комуникациски вештини со ученици и маргинализирани родители
- Разбирање на бариерите за образование и вработување со кои се соочуваат Ромите;.

**Потребни Документи за пријавување за ментор**

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:
- кратка биографија и
- мотивационо писмо.

**Начин на пријавување за ментор**

- Потребните документи да се испратат на е-маил адресата: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk со назнака **пријавување за ментор во учебната 2023/2024 година**

## **Краен рок за пријавување**

**Краен рок за пријавување на повикот за ментори е 26 април 2024 година!**

## **Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.